

**Пренцов: Денес е голем ден за Македонија затоа што после 2008 година прв пат имаме целосна промена на власта и кланот Заеви и ДУИ-инг бизнис заминуваат во историјата**

Денес е голем ден затоа што во историјата заминува нај неспособната и најкриминалната влада која што некогаш Република Македонија ја имала. Несе е голем ден затоа што за прв пат после 2008 година ќе имаме целосна промена на власта. За многу граѓани и за мене, денес е голем ден затоа што конечно кланот Заеви и на ним сличните како холдингот ДУИ-инг бизнис, заминуваат во историјата, рече пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Пренцов во својот говор на собраниската седница за избор на новата Влада.

Додаде дека денес е денот кога оние кои немаа народен легитимитет и кредибилитет и

никогаш не излегоа на избори не владееја, не управуваа и не пљачкаа, заминуваат а на нивно место доаѓаат луѓе кои што беа на избори и кои што добија незапомнет народен легитимитет и кредибилитет.

„Симбол за овие промени, за оваа надеж и верба и негова персонификација помеѓу граѓаните е мандатарот, господинот Христијан Мицкоски. Тој е многу работлив и многу истраен човек, човек кој што не застранува од плановите и визијата, кој секогаш однапред му се предвидени детално разработени и споделени со соработниците и јавноста и во тоа може да се увериме преку Програмата 1198, а потоа преточена како дел од програмата за работа на владата“, рече Пренџов.

Посочи дека во секторот одбрана застанувам искусен, работлив и тивок политичар кој што е убеден дека под негово водство во НАТО нема да бидеме земја од која што НАТО се плаши да не дадеме уште некој пасош на уште некој шпион, туку ќе биде човек на кого што НАТО ќе може целосно да потпре.

Пренџов зборуваше и за ресорот за внатрешни работи, за што рече дека таму ќе биде човекот кој што веќе и се докажа во својата работа во стоте дена техничка влада, при што на предлог министерот Панче Тошковски му порача дека освен тоа што криминал има по улиците, тој исто така го има и внатре во МВР и дека треба сериозно да се занимава со ова.

„Македонија конечно добива министер за транспорт и врски. До сега една од бруките на Социјалдемократскиот сојуз беше тоа што при жив, здрав и прав министер за транспорт и врски, Артан Груби ги водеше клучните проекти од градежништвото, а Артан го знаеме сите. Оние кои што го знаат подобро велат ако Артан денеска не земе од некого нешто, не позајми од некого нешто, не земе некоја провизија од некого, ако е таков денот погоден, тогаш велат парите од едниот џеб си ги вади и ги префрла во другиот со цел да ја задоволи дневната рутина и својот карактер“, истакна меѓу другото пратеникот Пренџов образложувајќи ги предлозите за министри во новата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ.